ВЕРИЦА ЈОСИМОВСКА

# ИСТОРИСКИОТ РАЗВОЈ НА МЕДИЦИНАТА ВО ВАРДАРСКА МАКЕДОНИЈА 1913-1944











**ВЕРИЦА ЈОСИМОВСКА**

# ИСТОРИСКИОТ РАЗВОЈ НА МЕДИЦИНАТА ВО ВАРДАРСКА МАКЕДОНИЈА 1913 -1944

**ШТИП, 2023**

CIP - Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

61(497.7)(091)"1913/1944"

ЈОСИМОВСКА, Верица

Историскиот развој на медицината во Вардарска Македонија : 1913-1944 / Верица Јосимовска. - Штип : НУ Универзитетска библиотека "Гоце Делчев", 2023. - 212 стр. : илустр. ; 24 см

Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 204-210. - Содржи и: Прилози

ISBN 978-608-242-150-6

**СОДРЖИНА**

ВОВЕД ........ 7
ГЛАВА I ........ 11
РАБОТАТА НА САНИТЕТОТ ВО ВРЕМЕ НА БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ И ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА 1912-1918 ........ 11
1. Санитетот во време на Првата балканска војна ........ 11
2. Санитетот за време на епидемијата од колера 1913 година и присуството на странски санитетски мисии ........ 19
3. Организација на медицинската служба во Македонија (1913-1914) според санитетскиот закон на Кралството Србија ........ 29
4. Епидемијата на дамчест тифус во Македонија за време на Првата светска војна ( 1914-1915) и помошта на странските санитетски мисии 40
4.1. Странски санитетски мисии во Македонија 1914- 1915 ........ 44
5. Епидемиите на „Македонскиот фронт“ 1916-1918 ........ 56
5.1. Маларијата 1916-1917 ........ 56
5.2 Шпанската треска ( шпански грип) 1918-1919 ........ 58
ГЛАВА II ........ 62
РАЗВОЈ НА ПРЕВЕНТИВНАТА МЕДИЦИНСКА СЛУЖБА ВО ВАРДАРСКА МАКЕДОНИЈА 1919-1944 ........ 62
1. Здравствените прилики во Кралството на СХС непосредно по Првата светска војна ........ 62
2. Санитетско законодавство во Кралството на СХС / Кралството Југославија ........ 67
3. Основни правци на здравствената политика на Кралството на СХС ........ 76
3. 1. Превентивни принципи во медицинска служба во Вардарска Македонија (1919-1941) ........ 76
3.2. Научните концепции на д-р Андрија Штампар за организација на медицинската служба во Кралството на СХС ........ 78
4. Почетоците на хигиено-епидемиолошката служба во Вардарска Македонија ........ 82
4. 1 Организација на окружни и околиски санитетски управи-епидемиолошката служба во Вардарска Македонија 1919-1921 ........ 85
4. 2 Организација на новоформираните Обласни санитетски управи (Инспекторати) ........ 86
5. Првите социјално- медицински установи во Вардарска Македонија ........ 87
5. 1 Постојана Бактериолошка станица во Скопје ........ 90
5. 2 Постојана бактериолошка станица во Битола ........ 91
5. 3 Антималарична станица во Штип ........ 93

5. 4 Антималарична станица во Струга........................................................................100
5. 5 Институт за тропски болести во Скопје................................................................103
5.6. Изградба и отварање на Медицински музеј во Скопје .........................................106
6. Борбата со маларијата во Вардарска Македонија 1921 – 1941...............................107
6. 1 Антималарична комисија на МНЗ на работа во Вардарска Македонија во 1921 година ................................................................................................................................109
6. 2 Создавање на нова хигиенска свест во народните маси (Проучување и поучување на народот) ..................................................................................................110
6. 3 Соработката на хигиенската служба на Кралството на СХС со Друштвото на народите .........................................................................................................113
6. 4 Странски лекари на практична работа во социјално-медицинските установи во Вардарска Македонија...........................................................................115
7. Реорганизација на хигиенската служба во 1927 година.........................................116
7 .1. Хигиенски установи на територијата на Вардарска Македонија во 1927 година ...................................................................................................................................117
7.1.1. Хигиенски завод во Скопје 1927 година .............................................................118
7.1.2. Домови за народно здравје (ДНЗ)........................................................................118
7.1.3. Здравствени станици ..............................................................................................120
7. 1. 4 Домови за заздравување на недоволно нахранети и болникави деца ...................................................................................................................................121
8. Хигиено- епидемиолошката служба во делот на Вардарска Македонија кој бил под бугарска окупација 1941-1944 година ........................................................121
9. Придонесот на руските лекари-имигранти во борбата со маларијата и другите заразни болести во Вардарска Македонија.........................................................123
ГЛАВА III.........................................................................................................................125
БОЛНИЧКО - СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА ВО ВАРДАРСКА МАКЕДОНИЈА МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ...............................................................................125
1. Развиток на болничките установи во Вардарска Македонија 1918-1941 125
1. 1 Окружни болници во периодот 1918-1929 ...............................................................128
1. 2 Околиски болници во периодот 1918-1929 ...............................................................135
1. 3 Приватни болници (санаториуми) во периодот 1918-1941......................................140
2. Социјално - здравствена заштита на децата во периодот меѓу двете светски војни.................................................................................................................................141
2.1 Детски домови и болници во периодот 1919-1925 ................................................141
2.2. Здравствена заштита на децата и учениците во периодот 1925-1941 ..145
2.2.1 Детски диспанзери со патронажна служба...........................................................145
2. 2. 2 Школски поликлиники ..........................................................................................146
3. Социјално - здравствена заштита на работниците во Кралството на СХС/Југославија.................................................................................................................147

3. 1 Санитетски установи на работничкото осигурување во Кралството на СХС/Југославија ... 153
ГЛАВА IV ... 155
САНИТЕТСКАТА СЛУЖБА ВО ВАРДАРСКА МАКЕДОНИЈА (1941-1944) .. 155
1. Санитетски установи под контрола на окупациските власти ... 155
2. Организациони форми на конспиративна санитетска служба ... 168
2.1 Основни облици на илегална санитетска служба ... 170
2.2 Форми на стационарно згрижување и лекување во НОВ И ПОМ ... 178
2.3. Преглед на територијалните болници на НОВ И ПОМ 1943-1944 ... 188
ПРИЛОЗИ: ... 192
Прилог 1. Окружни физикуси, околиски и општински лекари во Македонија 1913-1914 ... 192
ПРИЛОГ 2 ... 194
Санитетски персонал на работа во Македонија 1912-1918 - жртва на епидемиите: ... 194
ПРИЛОГ 3 ... 196
Персонал на работа во хигиено - епидемиолошката служба во Вардарска Македонија 1919-1921 ... 196
ПРИЛОГ 4 ... 199
Персонал на на работа во Обласните санитетски управи - инспекторати 1921-1925 ... 199
ЗАКЛУЧОК ... 202
Извори ... 204
Литература ... 204
Весници и списанија ... 209

## ВОВЕД

Со заминувањето на Османлиите во делот од Македонија кој потпаднал под српска власт, останале неколку санитетски институции претежно од воен карактер. Имено, долго време во Османската Империја постоеле единствено воени болници и тоа само во поголемите градови: Битола, Скопје, Штип, Струмица и Дебар.[1]

Кон крајот на XIX и почетокот на XX век, за османлиското население во Битола била отворена болница за сиромашни „Гураба Хаста Хане”, болница за кожно венерични болни „Франги Хаста Хане” и болница за невропсихијатриски болни „Тимар Хане”,[2] додека здравствените проблеми на дел од христијанското население биле решавани во рамките на црквата.

За најстара цивилна болница која постоела од втората половина на XVIII век, се смета болницата „Евангелизмос” (Благовештение) во Битола. Оваа болница или „Спитаљето” како што ја нарекувале граѓаните, била формирана од патријаршиската црковна општина[3] и во неа можеле да се лекуваат само верниците кои се изјаснувале како Грци.

Во XX век во Битола постоела и мала Влашка болница и неколку приватни помали болници или прифатилишта.

Во Скопје, во 1905 година била изградена граѓанска болница на Црвениот крст, но поради исламскиот карактер на државата болницата го добила името „Црвена полумесечина“ за која подоцна се користел називот „Полумесечина“. Истата функционирала до 1912 година кога по битката кај Куманово поминала во рацете на српскиот воен санитет и била именувана како армиска болница „Полумесец“.[4]

Втората половина на XIX век не била значајна само поради политичките промени во Империјата, туку и по тоа што се менувала концепцијата за медицината. Покрај отворањето на болници за војската и граѓанството, се наметнало и прашањето и за превентивна борба против заразните болести. Така под притисок на Европа, со цел да се запре ширењето на заразните болести, во Империјата започнале да се воведуваат карантински мерки и да се забранува сообраќајот со земји во кои имало епидемии. Сепак, заразните болести какви што биле колерата, маларијата, тифусот, дифтеријата и понатаму царувале. Особено

---

[1] Ванче Стојчев, Турската војска и воените болници во Македонија при крајот на XIX и почетокот на XX век, Зборник на трудови на прв конгрес македонски конгрес за историја на медицината, Штип, 2001, 264.

[2] Исто таму

[3] Продром Папа Симеон, Нешто о болницама у Битољу, V. „Нови Сјај“, XII, Битољ, 1936.

[4] Елена Јосимовска, Формирање на граѓанска болница во Скопје 1919 година, Зборник,Трет македонски конгрес за историја на медицината, Штип 2008,198.

маларијата во Македонија долги години била сериозен здравствен проблем. Имало периоди кога од неа боледувало целото население.

Заразните болести уште повеќе се проширувале заради непостоењето на традиција на вакцинирање на населението, ниската здравствена култура и користењето на неисправна и загадена вода за пиење. Поради верувањето на Турците дека водата е света, нејзината исправност воопшто и не била предмет на дискусија и апсолутно била исклучена можноста таа да биде извор на болеста од тие причини водата не била контролирана.

Во периодот што уследил по заминувањето на Османлиите од Балканот, само за неколку месеци, Македонија се нашла под управа на три различни држави (Царството Бугарија, Кралството Србија и Кралството Грција). Од 1912-1918 година настапил најтрагичниот период за македонскиот народ кога се случиле двете балкански и Првата светска војна и дури четири пандемии на тешки и смртоносни заразни болести.

За ваквата трагедија на Македонија разбрал и целиот свет и благодарение на помошта и солидарноста што ја упатиле многу светски влади, епидемиите биле запрени, а дел од населението и војската спасени.

И покрај тоа, историјата на медицината забележала дека жртвите на епидемиите биле далеку поголеми од жртвите на војните.

Времето за кое зборуваме останало овековечено во еден извештај на „Американското друштво за заштита на воените сирачиња“. Ова друштво непосредно по војната (1918 година) по извршените проучувања за состојбата со здравјето на луѓето во Македонија ги дало податоците дека помалку од 12% од населението ги користат услугите на медицинската служба, затоа што или нема лекар во близината или ако има, неговите услуги се многу скапи. Обично болните се препуштени на самоздравување или на милоста на бајачките и гаталците. „Селаните“, се вели понатаму во извештајот, „и доколку имаат понекаде современи алатки за обработување на земјата, сепак спијат на подот, за совет за своето дете се обраќаат на бабите, а јадењето го приготвуваат на отворено огниште по нечистите подови на колибите. Во Македонија еден лекар покрива подрачје од над 80.000 жители“.[5]

Новата држава на Кралството на СХС, формирана на 1 декември 1918 година, во чиј состав се наоѓала и Вардараска Македонија, се вбројувала во редот на недоволно развиените европски земји со несовремен и заостанат систем на здравствена служба.

Поради тешките заразни болести кои со децении владееле на овие простори и последиците од војните кои многу негативно се одразиле врз здравјето на

---

[5] Voislav Đukanović “Materia Socio-Medica Jugoslavica”, Vol II br. 1 i 2, 17.

населението, санитетската организација го започнала своето конституирање во исто време со формирањето на државните органи. Министерство за народно здравје било надвор од надлежностите на полицијата и функционирало потполно независно.

Болничката здравствена заштита функционирала на начин каков бил диктиран од условите. Постоечките болници биле повторно отворени, а речиси во сите поголеми градови во Вардарска Македонија, поради актуелноста на заразните болести, биле отворани привремени болници за сместување и изолирање на болните.

Што се однесува до превентивата, таа во новата здравствена политика била со апсолутен приоритет. Социјално медицинската работа, не само за Вардарска Македонија, туку и за целото Кралство на СХС, започнала без да има традиција. За одбележување е што на просторите на Вардарска Македонија во 1919 година не постоела ниту една таква установа. Со доаѓањето на д-р Андрија Штампар за началник на хигиенското одделение, на 28 мај 1919 година започнува организацијата на јавното здравство. Во десетте Штампарови години, колку што бил организатор на развојот на здравството и изградбата на социјално-медицински установи во државата, останал неповторлив и ненадминат во блиската и подалечната историја на Македонија. За негово време во Вардарска Македонија никнала мрежа на социјално медицински установи, чија работа била забележана од Хигиенското одделение на Лигата на народите. Во установите низ Вардарска Македонија на практична работа биле упатувани лекари од разни земји во светот. Институтот за тропски болести во Скопје бил еден од најмодерните такви установи во Европа.

За период од три децении колку што опфаќа истражувањето во трудот се заокружува медицинската историја, со сите настани и напори на санитетските организатори, да се обезбеди успешна здравствена служба која ќе биде во состојба да ги искорени тешките заразни болести кои биле главна причина за смрт на голем дел од населението во Македонија.

Монографскиот труд им посветува целосно внимание на настаните и историскиот развој на медицината во Вардарска Македонија во периодот 1913-1941 година.